ИНА НАТАЛНА КАРТА

Астролог: Симеон Атанасоски



Постојат два основни астролошки системи тропски, западен, кај нас во широка употреба, и индиски, сидерален.Во мојот врв на западната астрологија истата ја напуштам бидејќи стана тесна за она што јас го очекував од астрологијата. Продолжувајќи пред десетина години, преку изучување на индиската астрологија позната како Џотиш или во превод наука за светлоста божја се уверив во нејзината прецизност, корисност и реалност. Овој "простор" во "Ина" ќе се обиде да ви го осветли патот по кој чекорите и да ве промени во потрага по вашата суштина на постоење.

Емотивност, блесок-сјај и грациозност!

Џотиш-Индиска астрологија

Ребека Јанковска е родена под влијание на Месечината во воденот и емотивен знак на Рак или по индиски Катака. Среќната ѕвезда на раѓање е Пушја-чиј владател е Сатурн, кој се јавува како јогакарака за нејзиниот подзнак Терезија, а сместен е во ноќното владеење на Венера-во Бик.

ПУШЈА-СРЕЌНАТА ЅВЕЗДА НА РЕБЕКА

Оваа ѕвезда е поврзана со секаков вид дотерување и украсување. Митолошки Пушја се поврзува со Брихаспати, кое е друго име за Јупитер. Во себе има исцелителско влијание и ги открива спиритуалните потенцијали. Претставена е со импозантен човек, а симболично нејзината продуктивност ја претставуваат со виме од крава. Учител, министер или водач во професијата која се одбира се некои од карактерните црти на оваа ѕвезда доколку е силно поврзана со планетите!

Да се напредува, да се кити, украсува, да се негува и одгледува, да се раширува, да се забавува и ужива, да парадира, да дегустира, да изложува, да докажува и објаснува, да се "перчи", да стекнува и добива, да цвета, дава елоквентност и мудрост со годините

Психологија

Месечевиот знак Катака-Рак кај Ребека е седиште на самата Месечина и нејзиното влијание тука е најсилно! Нагласени се чувствата и потребата да се грижи за некого! Емоциите се сокриваат и само ретките пријатели знаат за топлината на овој знак и неговата пријателска пожртвуваност и лојалност. Кардинална природа (постојано во движење), а напредува со помош на нозе, велат старите текстови за Џотиш. Месечината е високо во 10-тото поле и ја создава т. н. Амала Јога, која дава просперитет и филантропски однос во животот. Совет-Да земе учество во "зелените" организации!

За подзнакот Терезија (Тхула во индиската астрологија) значајна планета е Сатурн и владателот Венера, која секогаш делува на песната, играта и забавите. Во наталната карта на Ребека планетата Венера е сместена во лошо поле 12 и во Девица, кое е поврзано со несредени емоции, одалечувања и блокади. Сепак, Венера е вонредно силна во сите 16 карти, заземајќи 7 од 16 поволни позиции (седиште и егзалтација) и ја коригира својата примарна природа. На тој начин нејзиното влијание е успех и талент за уметностите, играта и песната. Истовремено Венера има 4 неповолни позиции во (Д1, Д3 и Д4), посебно со третата Д3 карта наречена Дрекана (една од 16 хороскопски карти во Џотишот), која кореспондира со оние со кои се живее во заедница. Тоа дава можни проблеми со сестра (Венера е во женско поле) и можни потешкотии со родители 4 поле (мајка) и 10 поле (татко). Кармички ја учи лекцијата кариера, сопствен дом и родители!

Силата на нејзината натална карта е во Шандра-Мангала јога во спој со месечевите јазли, од една страна, и кралската планетна формација на Панча пуруша Ручака јога, која е формирана од егзалтираниот Марс во Јарец. Сонцето во Лав во сопствено седиште (Д1 карта) и во Овен (егзалтирано во Д60 карта) е со исклучителна сила и само ја потврдува нејзината појавна "афирмативност" и јавна работа. Лавот дава храброст, енергичност и решителност внимателно ги планира акциите, раскинува односи кога не е задоволен од статутот кој го очекува, со својот настап секојпат предизвикува внимание, а неговото Его најчесто е во "врска" со јавниот живот и гламурот. Неговата мисла е-фрли зад себе да најдеш пред себе, но додека е млад! Ја очекуваат големи,...големи промени на емотивно и деловно поле во наредните години. Одалечување од стари пријатели и влез на нови луѓе и продуховени дружења. Свесноста ќе почне да се буди, велат старите текстови, а на крајот на патот е промената која се случува еднаш на 30 години! Значи, Ребека ќе ја изненади јавноста во наредните години во однос на поедноставен пристап и комуникација со јавноста, спиритуални дружби и невообичаен звук, можеби со ориентални или "афро" примеси!!! Посветување на себе си и желбите кои ги одложувала заради кариерата, сериозно размислување за продлабочување на емотивна врска-брачен живот! Сигурно е дека транзитот на Јупитер и Сатурн период 2006-2007 година (квадрат) ќе создадат промени на емотивно поле и можност за раѓање на дете! Што се однесува до 2004 година, ја очекува променлива среќа, но, сепак на крајот финансиски ќе профитира доколку заработеното го наплати! Успехот и "рекламна" кампања после пролетта е вовед во нејзината присутност на музичкиот пазар и извесно е дека некои нејзини нови музички композиции ќе се "вртат" во медиумите!

Се советува да го искористи периодот од март до јуни и после септември, што се нејзини најуспешни периоди годинава. Поканата за гостување надвор од земјава во текот на пролетта треба да ја прифати, а извесен е нејзин успех во април 2004 година!

Долгорочни прогнози:

успех и популарност
април-јуни 2006 г.
2007 -2008 г.
декември 2008г.
емотивни потешкотии, битни одлуки, промена на личноста, прилагодување, одалечување...
после јуни 2005
после јануари 2005

